Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

# СТРАТЕГИЈА
## НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА СОРАБОТКА СО И РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО со АКЦИСКИ ПЛАН 2022 - 2024

Скопје, декември 2021 година

# 1. ВОВЕД

Развојот на граѓанското општество е од исклучителна важност за демократските вредности на една земја и поттикнување на граѓанската свест. Улогата и придонесот на граѓанското општество во промовирањето и градењето на демократската култура на сите општествени нивоа е израз на потребата од соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и граѓанското општество со цел ефикасно да се одговори на предизвиците на земјата. Владата на Република Северна Македонија активно презема мерки за градење на континуиран, транспарентен и целосно инклузивен дијалог со граѓанското општество, третирајќи го како рамноправен партнер и коректор на нејзините одлуки, со целосно право да партиципира во градењето на политиките, да сугерира и критикува.

Во 2007 година Владата на Република Северна Македонија ја усвои првата Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор со Акциски план 2007-2011. Во неа, Владата на Република Северна Македонија ја истакна важноста на граѓанското општество, ги постави основите на нејзината соработка со граѓанските организации и се зазема систематски да ги зајакне основните услови за побрз и поефикасен развој на граѓанското општество.

Ценејќи го придонесот на граѓанското општество и неговата значајна улога во развојот на општеството, поттикнување на плурализмот, толеранцијата и развојот на демократијата, во 2012 година беше усвоена втората Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор со Акциски план 2012-2017. Целта на овој стратешки документ беше промовирање, поддршка и унапредување на партнерските односи помеѓу Владата на Република Северна Македонија и граѓанското општество, преку мерки за зајакнување на заемната соработка.

Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020 овозможи понатамошно унапредување на соработката и поттикнување на развојот на граѓанското општество, како коректив на политиките, сервис на граѓаните и канал за солидарност, партнер на државата и бизнисот и двигател на ЕУ интеграцијата.

Визија на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество 2022-2024 е унапредување на околината во која функционира и се развива граѓанското општество кое придонесува во зајакнување на демократското управување и воспоставување на структурен дијалог со граѓанското општество.

Главна цел на Стратегијата е обезбедување на поттикнувачка и одржлива околина во која функционира и се развива граѓанското општество што овозможува динамични, независни, активни и одржливи граѓански организации коишто придонесуваат во зајакнување на демократското управување, ги рефлектираат интересите и потребите на граѓаните и се вклучуваат во структурен дијалог за унапредување на општеството.

Стратегијата се заснова врз принципите на: заемна доверба, партнерство, независност, плурализам, учество, транспарентност (јавност), одговорност и еднакви можности и недискриминација.

Воспоставувањето значаен дијалог меѓу Владата на Република Северна Македонија и граѓанските организации и создавањето поволно опкружување за развој на активно граѓанско општество е важен предуслов за одржливост на реформите за

пристапување во Европската унија во приоритетни области како што се владеење на правото, борба против корупцијата, основните права и доброто управување. Во тој контекст, Европската комисија континуирано ги истакнува придобивките од квалитетните структури за дијалог на политиките меѓу Владата на Република Северна Македонија и граѓанското општество, како суштинска компонента на политичките критериуми за членство.

Состојбата на опкружувањето за граѓанското општество е дел од политичките критериуми за пристапување во Европската унија. Од 2014 година, во Годишните извештаи на Европската Комисија граѓанското општество се третира како под-поглавје на „Демократија“, а од 2008 година воспоставена е единствена сеопфатна финансиска рамка за поддршка на граѓанското општество во регионот (Civil Society Facility).

Стратегијата за Западен Балкан повикува на структуриран дијалог со граѓанското општество и ја нагласува потребата за овозможувачка околина за граѓанските организации. Покрај тоа, во внатрешната ЕУ Агенда за подобра регулатива Европската комисија се обврзува да ги слуша повнимателно граѓаните и засегнатите страни и да се осигура дека засегнатите од политиките имаат можност да придонесат за нивно подобрување. Агендата за одржлив развој 2030 година и новиот ЕУ консензус за развој ја повторуваат оваа заложба, повикувајќи на посилни и поинклузивни партнерства помеѓу повеќе-засегнати страни. Дополнително, со цел да им се даде на граѓаните, граѓанското општество и институциите повеќе влијание во креирањето на политиките на Европската унија, на 9 мај 2021 година започна релизацијата на т.н Конференција за иднината на Европа (CoFoE), како иницијатива која што овозможува дебатирање и давање на препораки во најзначајните области поврзани со реформите на ЕУ, климатските промени и животната средина, дигитална трансформација, владеење на правото и зајакнување на демократските процеси. Конференцијата за иднината на Европа дава можност за учество и на граѓаните од Западен Балкан, претставени токму преку граѓанските организации.

Во Извештајот на Европската Комисија за Северна Македонија за 2021 година се нотира дека „граѓанските организации продолжуваат да работат, севкупно, во овозможувачка средина. Тие продолжија да бидат активни и имаат важна улога во реформскиот процес. Потребни се дополнителни напори за да се обезбеди понавремен, значаен и транспарентен процес на консултација со граѓанското општество. Во контекст на предизвиците со кои се соочуваат при закрепнување од Ковид-19 кризата, од владините и невладините чинители се очекува да изградат долгорочни партнерства и да ја зајакнат постоечката соработка. Финансиската рамка под која дејствуваат граѓанските организации сѐ уште треба да се подобри“.

Владата на Република Северна Македонија, во Програмата за работа во периодот 2020-2024, во еден од главните стратешки приоритети - Демократија која работи за граѓаните, утврди: „Владата е определена за унапредување на околината во која работи и се развива граѓанското општество, што придонесува во зајакнување на демократското управување и воспоставување на структурен дијалог со граѓанското општество кое ќе придонесува и ќе дава поддршка на патот на реформите за интеграција на земјата во Европската унија. Сеопфатно ќе го реформираме сегашниот систем на државно финансирање на граѓанското општество, кој во голема мера се заснова на правна регулатива и практика што е создадена пред неколку децении, и не ги отсликува тековните потреби на граѓанското општество и не ги следи позитивните практики и треднови во ЕУ и во развиените земји. ... Владата ќе организира консултации со граѓанското општество уште во раната фаза на анализата, за потребите

и подготовката на политиките и законите. Дополнително, Владата ќе се обврзе и ќе гарантира повратна информација кон граѓанското општество и засегнатите страни од секој процес на консултации за политиките и законите."

Мерките предвидени во Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество 2022-2024 се целосно ориентирани кон изнаоѓање рационални и остварливи решенија за предизвиците и насоките содржани во Извештајот на Европската Комисија за Северна Македонија за 2021 година, Нацрт-Насоките за поддршката на ЕУ на граѓанското општество во регионот на проширување 2021-2027, Предлогот на граѓански организации за итни демократски реформи (2017), Нацрт-патоказот за развој на граѓанското општество во Македонија 2018-2020 и придонесот од граѓанските организации вклучени во процесот на изработка на Стратегијата, а следејќи ги насоките од Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија во периодот 2020-2024 и стратешките документи Стратегија за транспарентност на Владата на Република Северна Македонија 2019-2021, Национална стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот 2020-2022, Стратегија за реформа на јавната администрација 2018-2022, Национален акциски план за Партнерство за отворена власт 2021-2023, Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија 2021-2027, Стратегијата за промовирање и развој на волонтерството 2021-2025 и други.

# 2. ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## 2.1.Карактеристики на граѓанското општество

Поимите „граѓанска организација", „граѓанско општество" и „граѓански сектор", во смисла на оваа стратегија, ги опфаќаат здруженијата, фондациите, сојузите, организационите облици на странски организации и другите форми на здружување, регистрирани согласно со одредбите на Законот за здруженија и фондации и не се однесуваат на политичките партии, црквите, верските заедници и религиозните групи, синдикатите, коморите и други видови на здружување уредени со посебни закони. Граѓанските организации се непрофитни, непартиски и се основаат за остварување и заштита на права, интереси и уверувања во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и со закон.

Според статистичкиот билтен - отворени податоци на Централниот регистар на Република Северна Македонија, во групата на организационен облик 10.0 општествени организации, фондации и здружение на граѓани, во 2020 година се евидентирани вкупно 17.138 организации, од кои 16.923 здруженија (806 социјално хуманитарни здруженија, 4.148 спортски здруженија, 583 културни здруженија, 854 професионални (струкови) здруженија, 297 еколошки здруженија и 10.238 останати организации) и 215 фондации. Во текот на 2020 година, Централниот регистар на Република Северна Македонија извршил уписи на основање на 544 граѓански организации, 866 уписи на промени и 77 уписи на бришење од регистерот.

Графикон 1: Структура на граѓанското општество според група на организационен облик 10.0




Според приоритетната дејност/шифра, 11.107 организации (64,8%) се евидентирани во услужни дејности, 4.400 организации (25,7%) во уметност, забава и рекреација, 427 организации (2,5%) во дејности на здравствена и социјална заштита, 137 организации (0,8%) во образование, 65 организации (0,4%) во земјоделство, шумарство и рибарство, 53 (0,3%) во стручни, научни и технички дејности, 24 организации (0,1%) во информации и комуникации. Во останатите дејности предвидени со класификацијата на Централниот регистар на Република Северна Македонија се евидентирани 0,9% од организациите, а за 775 организации (4,5%) не се евидентирани податоци за приоритетна дејност/шифра.

Графикон 2: Структура на граѓанското општество според приоритетна шифра/дејност




Во однос на регионалната застапеност на граѓанските организации во државата, во 2020 година од вкупно 17.138 организации, 6.956 (40,6%) организации имаат седиште во Скопски плански регион, 2.205 организации (12,9%) во Пелагониски, 1.596 организации (9,3%) во Југозападен, 1.398 организации (8,2%) во Полошки, 1.392 организации (8,1%) во Источен, 1.323 организации (7,7%) во Југоисточен, 1.277 организации (7,5%) во Вардарски и 987 организации (5,7%) во Североисточен плански регион.

Графикон 3: Регионална застапеност на граѓанските организации во Република Северна Македонија во 2020 година




Од 17.138 граѓански организации, 2.727 организации поднеле годишна сметка за 2020 година, што е за 4,62% помалку во однос на 2019 година (2.859 организации) и 1,02% во однос за 2018 година (2.755 организации). 4.937 организации поднеле известување до Централниот регистар на Република Северна Македонија за немање деловни активности во 2020 година, што претставува зголемување за 5,19% во однос на 2019 година (4.681 организации) и зголемување од 4,92% во однос на 2018 година (4.694 организации).

Според статистичкиот билтен – отворени податоци на Централниот регистар на Република Северна Македонија, вкупните приходи на организациите во 2020 година (10.367.475.248 денари) се незначително намалени за 0,82% во однос на вкупните приходи во 2019 година (10.452.877.792 денари), но се за 8,31% зголемени во однос на вкупните приходи на организациите во 2018 година (9.505.779.720 денари). Вкупните расходи на организациите во 2020 година (7.365.227.400 денари) бележат намалување од 5,83% во однос на 2019 година (7.821.174.327 денари) и намалување од 0,38% во однос на 2018 година (7.388.774.629 денари).

Графикон 4: Вкупни приходи и расходи на граѓанските организации според доставени годишни сметки за 2020, 2019 и 2018 година




Вкупниот број на вработени кај граѓанските организации во 2020 година изнесува 2.391, што претставува намалување за 9,57% во однос на 2019 година (2.644 вработени) и незначително зголемување од 0,92% во однос на 2018 година (2.369 вработени).

Централниот регистар на Република Северна Македонија, согласно член 47 од Законот за здруженија и фондации, а во врска со приоритетот „Граѓанско општество“ од Планот 3-6-9 на Владата на Република Северна Македонија објавува листа на граѓански организации во отворен формат, која содржи име на организација, матичен број и контакт меил адреса. Дополнително, постои можност за идивидуално пребарување преку услугата Основен профил на регистриран субјект, што овозможува бесплатен пристап до следните податоци: ЕМБС, ЕДБ, целосен назив, скратен назив, датум на основање, правна форма, правен статус, адреса, дополнителни информации (во стечај/ликвидација), претежна дејност и големина. Во овој момент, без надомест, меѓу другото, не се достапни: актот за основање, информации за основачи и овластени лица, цели и дејности, статус на организација од јавен интерес. Во процесите на креирање на политики, учеството на граѓанските организации се смета за демократски минимум. Институциите (Одделение за соработка со невладини организации на Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Секретаријат за европски прашања) и недржавни актери, кои имаат потреба од пошироки консултации, комуникација и вмрежување, користат регистри кои сами ги креираат (Дијалог кон ЕУ, Цивика Мобилитас), но овие регистри се парцијални, со податоци само за организациите што се регистрирале за нивните потреби. Иако Централен регистар на Република Северна Македонија нуди бесплатен пристап до информации за државни институции, неопходни се дополнителни податоци и интегриран регистар, односно проширување на податоците што Централниот регистар на Република Северна Македонија ги објавува за граѓанските организации во отворен формат, што ќе ја олесни проценката на структурата на граѓанското општество, ќе овозможи тематско, географско, типско и друг тип таргетирање на граѓанските организации со цел нивно вклучување во процесите на креирање и следење на јавните политики и подобрување на политиките за развој на граѓанското општество, базирани на кредибилни и веродостојни информации.

Пандемијата предизвикана од КОВИД-19 имаше силно влијание врз општествените, економските и политичките случувања во Северна Македонија, вклучително и врз работата на граѓанските организации. Според Индексот на одржливост на граѓанското општество за Северна Македонија во 2020 година, севкупната одржливост на граѓанското општество забележа благо подобрување во 2020 година, најмногу поради способноста на граѓанските организациии да се приспособат и да го намалат влијанието од пандемијата. Организациските капацитети во рамките на граѓанскиот сектор беа подобрени со проширувањето на членството, зголемениот интерес за волонтерство и зголемената употреба на технологијата, а граѓанските организации бргу се приспособија на новите околности што ги наметна пандемијата, па нудеа нови услуги со цел да ги задоволат потребите на членовите, што доведе до подобар успех во областа давање услуги. Јавниот углед на граѓанскиот сектор, исто така, беше подобрен поради позитивната медиумска покриеност и признанието на граѓаните за позитивната улога на граѓанските организации во општеството, особено за време за кризата со КОВИД-19. Во исто време, финансиската одржливост на граѓанскиот сектор забележа благо влошување поради намалените државни фондови наменети за граѓанските организации, како од централните така и од локалните буџети. Правната рамка, застапувањето и инфраструктурата на секторот останаа стабилни.

Обврската за изолација, дистанца, ограничувања на собири, значително го стесни физичкиот граѓански простор за делување. Дополнително, носењето на одлуки во вонредни процедури во кратки рокови, значителни ги ограничи механизмите за

учество на граѓанското општество во креирањето на јавни политики во вонредна состојба. Во вакви услови, граѓанските организации во Република Северна Македонија беа принудени релативно брзо да го дигитализираат начинот на работа во оперативна и административна смисла, но и да ги трансформираат начините на кои ги вршат функциите на граѓанското општество. Иако изнудена од пандемијата, сепак оваа промена го зголеми пристапот до информации, процеси и услуги на организации и граѓани независно од географската локација, ја разбуди иновативноста и ја унапреди ефикасноста на граѓанските организации. Потребни се активности кои ќе осигурат дека дигиталната трансформација на граѓанските организации ќе биде долгорочна, инклузивна и соодветно испланирана и поддржана.

## 2.2. Правна рамка за дејствување на граѓанските организации

Основните гаранции за делување на граѓанските организации се утврдени со Уставот на Република Северна Македонија и со Законот за здруженија и фондации.

Согласно член 20 од Уставот на Република Северна Македонија, на граѓаните им се гарантира слобода на здружување заради остварување и заштита на нивните економски, социјални, културни и други права и уверувања, а граѓаните можат слободно да основаат здруженија на граѓани, да пристапуваат кон нив и од нив да истапуваат.

Со донесувањето на Законот за здруженија и фондации во 2010 година правната рамка се хармонизираше со европските стандарди и беа поставени основите за развој на мерки кои ќе ја помогнат одржливоста на граѓанското општество. Со Законот се уредуваат начинот, условите и постапката за основање, регистрација и престанок на здруженијата, фондациите, сојузите, организационите облици на странските организации во Република Северна Македонија, имотот со кој располагаат, надзорот, статусните промени и статусот на организациите од јавен интерес. Клучните новини во законот се однесуваат на можноста за формирање на здруженија и фондации од страна на правни лица, овозможување на вршење на стопански активности и воведување на статус на организации од јавен интерес.

Според Извештајот за оцена на правната рамка што ги засега граѓанските организации во Република Северна Македонија- Преглед на клучните измени во законодавството од суштинско значење за подобрување на поволната средина за граѓанското општество, Уставот на Република Северна Македонија обезбедува правна основа за поволна законска рамка за граѓанските организации во согласност со меѓународните стандарди за слободи на: собирање, здружување и изразување. Тековната законска и регулаторна рамка опфаќа низа фундаментални прашања, вклучувајќи ги и формите и животниот циклус на граѓанските организации, фискалниот третман на граѓанските организации, односите помеѓу државата и граѓанското општество, како и улогата на граѓанските организации како даватели на услуги.

Од усвојувањето на Стратегијата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2018-2020) беа завршени неколку позитивни реформи насочени кон подобрување на законодавната и регулаторната рамка, особено во врска со фискалниот статус на граѓанските организации. Јасната дистинкција на видовите приходи што може да подлежат на данок на добивка, како и ослободувањето од персоналниот данок на доход

на одредени трошоци поврзани со активности на граѓански организации (пр. сместување, патни трошоци, освежување и сл.) ја подобри правната сигурност и предвидливоста на законските обврски кон граѓанските организации. Дополнително, случаите на злоупотреба на административните овластувања и насочените и злонамерни инспекции и истраги против граѓанските организации не беа документирани во изминатиот период, што укажува на целокупно подобрување на овозможувачката околина за граѓанското општество.

Сепак, и покрај забележаните позитивни трендови, одредени прашања во врска со законодавната и регулаторната рамка за граѓанските организации остануваат отворени и нерешени (на пр. статус на организации од јавен интерес, државно финансирање, даночни олеснувања, структурен дијалог). Некои од клучните законодавни иницијативи планирани во Стратегијата што беа насочени кон овие прашања не беа завршени. Голем дел од овие проблеми и празнини не се нови и граѓанското општество подолг временски период укажува на потребата за подобрување на законодавната рамка за граѓанските организации, особено во следните области:

За статусот и регистрацијата на граѓанските организации

1. Почетен чекор во реформскиот процес треба да биде измена на Законот за здруженија и фондации, а како клучни области од овој закон за кои е потребна детална ревизија се: одредбите за непартиска активност, одредбите за организациите од јавен интерес, за државно финансирање на граѓанските организации кои треба да содржат јасни и објективни критериуми, судир на интереси, мониторинг и евалуација на процесот на аплицирање, прецизно дефинирање на критериумите под кои граѓанските организации можат да спроведат економска активност (со заштита и доследно применување на принципот на непрофитност), како и одредби за државните органи за обезбедување на поволно опкружување за поддршка на граѓанските организации и координирање на политиките за развој на граѓанското општество.
2. Законот за едношалтерски систем и водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица и неговите подзаконски акти, треба да ја обезбедат неопходната разлика помеѓу компаниите и непрофитните субјекти.
3. Деловите од Националната класификација на дејности што се релевантни за активностите на граѓанските организации треба да се ревидираат и прегледаат дали одговараат на потребите на граѓанските организации и дали имаат негативно влијание врз нивната работа.
4. Треба да се изврши темелна проценка на статусот, улогата и особено финансирањето на граѓанските организации кои работат во областа на правата на лицата со попреченост.
5. Потребна е ревизија на правната рамка за донации и спонзорства во јавните дејности согласно препораките на граѓанското општество.

За државното финансирање

6. Врз основа на измените и дополнувањата на Законот за здруженија и фондации треба да се предвиди донесување на сеопфатен подзаконски акт со кој детално ќе се разработат критериумите за избор на финансирање, механизмите за спречување на судир на интереси, алатките за следење и евалуација, обврски за известување, избор или назначување членови во комисии за евалуација, како и за процесот на аплицирање.
7. Да се прошири опфатот на граѓански организации што можат да се финансираат од приходи остварени во согласност со Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

За организациите од јавен интерес

8. Законите што ги регулираат персоналниот данок на доход, ДДВ, данокот на добивка, како и Царинскиот законик мора да предвидат специфични и конкретни олеснувања кои им следуваат на организациите со статус од јавен интерес. Овие закони треба да ги регулираат критериумите и постапките за користење на олеснувањата на неограничувачки и недискриминаторски начин.

9. Посебни придобивки или приоритети може да бидат предвидени и пропишани во Законот за здруженија и фондации или во друг правен акт што ќе гарантира одреден процент од државниот буџет за граѓанските организации да се распредели на организации од јавен интерес.

За регулаторната усогласеност

10. Потребно е доуредување на одредбата од Кривичниот законик со која за службено лице сторител на кривично дело се смета овластеното лице за застапување на здруженија, фондации, сојузите и организационите облици на странски организации како овластено лице за разлика од одговорните лица во компаниите кои се сметаат за одговорно лице во правно лице. Оваа формулација е нејасна бидејќи овластено лице се користи во контекст на јавните овластувања и може да доведе до неосновано гонење за злоупотреба на службената положба и овластување.

11. Законите што ги регулираат борбата против екстремизмот, тероризмот, перењето пари и корупцијата не треба да вклучуваат одредби што ги ограничуваат или ги оневозможуваат граѓанските организации да преземаат легитимни активности и во пракса активностите на организациите да не се ограничуваат поради неоправдани или непропорционални барања.

За учество во процесите на креирање политики

12. Во однос на Законот за јавни собири, должностите на организаторот на собирот треба да бидат дефинирани со доволна прецизност и јасност во однос на организацијата на службата за безбедност и соодветните прекршочни санкции за непочитување, потребата од дозвола за странци и висината на потенцијалните казни.

13. Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните треба да ги охрабрува, а не да ги обесхрабрува локалните референдуми и граѓанските иницијативи. Потребна е ревизија на потребниот праг на минимум потписи за поддршка на иницијативата за референдумот и времето потребно за собирање на потписите.

14. Треба да се ревидира тековната регулатива за проценка на влијанието на регулативата (вклучително и јавни консултации), што е на ниво на подзаконски акти кои произлегуваат од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија (Методологија за проценка на влијанието на регулативата и Упатство за начинот на постапување во работата на министерствата во процесот на спроведување на проценка на влијанието на регулативата) и оваа постапка да се регулира со закон со цел да се обезбеди целосно почитување.

За законодавството поврзано со граѓанските организации како актери во социо-економскиот развој

15. Иако законот со кој се регулира јавно-приватно партнерство не ги исклучува граѓанските организации како потенцијални приватни партнери кои можат да склучат договор за јавно приватно партнерство и да спроведуваат јавни услуги (пр. образование, младинска работа, социјална грижа и заштита, благосостојба на

животните, култура итн.) искуството покажа дека засега само деловните субјектите се партнери на вакви договори. Потребно е детално да се разгледа целото релевантно законодавство за јавно приватно партнерство и делегирање на јавни услуги и да се утврди дали се потребни измени и дополнувања.

16. Социјалното претприемништво е клучна област каде граѓанските организации можат да учествуваат во социо-економскиот развој. Иако постои широк консензус дека законодавството е потребно за промовирање на оваа алатка и првиот предлог-закон беше предложен во 2015 година, не беа направени други напори на законодавно ниво. Сепак значаен поттик во оваа област е усвојувањето на Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија (2021-2027). Стратегијата и Акцискиот план предвидуваат проценка на потребата од законско регулирање на социјалното претприемништво.

17. Новите закони за социјална заштита и за бесплатна правна помош треба да бидат предмет на анализа со цел да се идентификува дали законската рамка е соодветна и дали се потребни други активности во интерес на граѓанските организации.

## 2.3. Институционална структура за соработка со граѓанските организации

Во април 2018 година Владата на Република Северна Македонија формираше Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, како советодавно тело на Владата на Република Северна Македонија за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанскиот општество. Советот е составен од 31 член назначени од Владата на Република Северна Македонија, од кои 15 членови од редот на вработените во органите на државната управа и 16 членови на предлог на организациите регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации, избрани по пат на јавен повик за областите: развој на граѓанското општество, демократија и владеење на правото, промоција и заштита на човековите права и антидискриминација, економски и одржлив развој, наука, образование и доживотно учење, млади, социјална заштита и заштита на деца, заштита на маргинализираните лица, родова еднаквост, заштита на здравјето, земјоделство и рурален развој, култура, медиуми и информатичко општество, заштита на животната средина, спорт и ЕУ интеграции и политики. Мандатот на претседателот и членовите на Советот е три години, со право на уште еден избор.

Брошурата „Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество-Дијалог и поттикнување“, содржи изјава на член на Советот дека Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество претставува комплексно конзилиарно советодавно тело изградено на вербата дека меѓусебниот дијалог и потребата од критичко промислување е заеднички именител во односот помеѓу власта (избрана од граѓаните) и граѓанското општество (создадено од граѓаните).

Во текот на првиот тригодишниот мандат (април 2018 - јуни 2021 година), Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество одржа 32 седници, иницираше процеси и влијаеше на креирањето политики на Владата на Република Северна Македонија за создавање овозможувачка околина и развој на граѓанското општество. Советот придонесе кон унапредување на транспарентноста на распределбата на средства од државниот буџет за финансирање на програмски активности на граѓански организации преку: учество во планирањето на областите и приоритетите за финансиска поддршка; учество во Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансирање на програмски активности на

здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019, 2020 и 2021 година; разгледување на годишните извештаи за реализација на програмите и финансираните проекти на граѓанските организации и подготвената Анализа на финансиската поддршка на организациите од Буџетот со компаративна анализа на моделите за државно финансирање од други земји и Предлог-модел на Фонд за институционална поддршка на граѓанските организации и ко-финансирање на ЕУ-проектите во Република Северна Македонија. Со цел зголемено учество на граѓанското општество во креирањето на јавните политики, Советот номиниранше 53 претставници на граѓански организации во 16 советодавни и работни тела на Владата на Република Северна Македонија и органите на државна управа и подготви Предлог-модел за вклучување на организациите во пристапните преговори за членство во ЕУ.

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество е воспоставен како мост кој ќе помогне во креирањето на јавните политики кои влијаат на околината во која се развива граѓанскотот општество. Иако Советот интензивно работеше во својот прв тригодишен мандат, според Извештајот за граѓанското учество (Извештајот од истражувањето на јавното мислење со граѓани и граѓанки и со граѓански организации-Граѓанското учество во Република Северна Македонија со дополнителен осврт на пандемијата со Ковид-19), 78% од граѓанските организации слушнале за Советот, а 45% од овие организации ги познаваат членовите на Советот што ја покриваат нивната област на дејствување. Ова може да биде една од причините зошто дури 77% од организациите кои слушнале за Советот изјавиле дека не предложиле никакви мерки и активности до претставниците и работата на Советот ја оцениле со просечна оценка од 2,65.

Во насока на обезбедување континуитет во работата на независен, репрезентативен, оперативен и ефективен Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, потребни се дополнителни напори кои ќе овозможат посеопфатен пристап во формирањето на ставовите на Советот преку воспоставување ефикасни методи за консултирање и информирање на граѓанските организации за работата на Совет, така што Советот да стане ефективен механизам за оформување на политиките за граѓанското општество.

Во рамките на политиката на Владата на Република Северна Македонија за континуирана и ефективна соработка со граѓанското општество, во декември 2004 година во Генералниот секретаријат – Сектор за анализа на политиките и координацијата формирано е Одделение за соработка со невладините организации, кое го следи и координира спроведувањето на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, врши административно-стручна поддршка на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, Комисијата за организации со статус од јавен интерес и Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија. Воспоставена е Мрежа на државни службеници за соработка со граѓанското општество. Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија периодично организира состаноци со членовите на мрежата од министерствата и врши редовна комуникација и заемно информирање во насока на координирано спроведување на Стратегијата.

Во Извештајот на Европската Комисија за Северна Македонија за 2021 година се нотира дека „граѓанското општество се ангажираше редовно со јавни институции и тела како што се Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество и Советот за отворено владино партнерство. Потребни се континуирани напори за понатамошно зајакнување на постојниот структуриран дијалог, координиран од владиното одделение за соработка со НВО“.

## 2.4. Учество на граѓанските организации во процесите на креирање и следење на јавните политики

Силно граѓанско општество значи и демократски развиена држава која политиките ги креира инклузивно. За да се осигура суштински придонес на граѓанските организации во процесот на донесување одлуки без дискриминација, потребна е овозможувачка околина, што вклучува владеење на правото, почитување на основните демократски принципи, политичка волја, поволна легислатива, јасни процедури, долгорочна поддршка и ресурси за одржливо граѓанско општество и заеднички простори за дијалог и соработка. Овие услови овозможуваат конструктивен однос помеѓу граѓанските организации и јавните власти, изграден врз основа на реципрочна доверба и меѓусебно разбирање за партиципативна демократија.

Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики, утврдува дека соработката на Владата на Република Северна Македонија и органите на државната управа со граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики може да се остварува во облик на: информирање, консултации, дијалог и партнерство, во сите фази од процесот на креирање на политики: во процесите на утврдување приоритети во креирањето политики при изработката на годишната Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија, при изготвување на закони и подзаконски акти, документи за политики и стратегии и акциски планови, во процесите на спроведување, следење или изменување на законодавството.

Забележан е тренд на зголемено учеството на граѓанските организации на повикот на Генералниот секретаријат за придонес во подготвувањето на годишната Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија. На повикот објавен во август 2020 година за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година доставени се иницијативи од 26 граѓански организации, што е дваипол пати повеќе споредено со 2019 година. Иницијативите заедно со одговорите од министерствата се објавени на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

Сепак, Кодексот како акт не е правно-обврзувачки, ниту пак дава насоки за постапување доколку не се почитува од страна на институциите. Во пракса се забележува се почесто формирање на работни групи за подготовка на закони и стратегии, во кои учествуваат и претставници на граѓански организации, но недостасуваат насоки за начинот на кој институциите треба да ги бираат претставниците кои членуваат во работните групи, организацијата и начинот на работа на овие работни групи, интерната комуникација, начинот на одлучување и сл. Според Извештајот за граѓанско учество, како причини за неучество на граѓанските организации се идентификувани: недостиг на знаење на кои ентитети да им се обратат (35%) и недостиг на знаење за постоење на групи за теми поврзани од нивната област на работа (17%).

Во Република Северна Македонија формирани се 12 секторски работни групи со надлежности во различни области, со цел да се воспостави секторскиот приод на Инструментот за претпристапна помош 2014-2020 (ИПА II), како централен финансиски инструмент на Европската Унија во државата. Секторските работни групи (СРГ) претставуваат формален механизам за консултација и соработка меѓу институциите на извршната власт (министерствата), граѓанските организации, донаторската заедница, како и другите заинтересирани страни. Извештајот во сенка од следење на работата и ефектите од секторските работни групи за периодот јануари 2019-февруари 2020 констатира дека граѓанските организации се формално вклучени во работата на сите СРГ. Од аспект на граѓанското општество, вклучените претставници ги застапуваат нивните здруженија или фондации, но тие најчесто не дејствуваат како претставници на поширокото граѓанско општество во областа опфатена со конкретната СРГ. Во Извештајот се препорачува воспоставување модел за избор што ќе го овозможи и ќе го унапреди учеството на граѓанските претставници во СРГ, да се работи на подобрување и на унапредување на пристапот до и на квалитетот на споделените информации и документи и да се унапреди статусот и учеството на граѓанските организации во СРГ, преку редовно вклучување во програмирањето и мониторингот на секторскиот приод. Секретаријатот за европски прашања преку редовна комуникација и координација соработува со проектот Дијалог со граѓанските организации – Платформа за структурно учество во ЕУ интеграции, преку кој беше обезбедено редовно учество на граѓанските организации во сите СРГ и мониторинг комитети во периодот 2019-2020. Во тек е постапка на измена на деловниците за работа на СРГ, кои ќе предвидат системско вклучување на претставници на граѓанските организации на паритетна основа со другите членови во работата на овие тела.

Проценката на влијанието на регулативата (ПВР) претставува интегрален дел од процесот на подготовка на закони, а консултацијата со засегнатите страни е важен чекор во овој процес согласно Методологијата за проценка на влијанието на регулативата и Упатството за начинот на постапување во работата на министерствата во процесот на спроведување на проценка на влијанието на регулативата. Со цел зголемување на вклученоста на засегнатите страни во процесот на креирање, спроведување, следење и оценување на политиките, на крајот на 2019 година се изврши техничка надградба на Единствениот национален електронски регистар на прописи ЕНЕР со која се овозможи поднесување на online иницијативи и предлози од засегнатите страни и интеракција со министерствата преку форум дебати. Исто така, со надградбата на ЕНЕР се воспостави централно место за консултација на предлог стратегиите и други стратешки документи на министерствата и се обезбеди надминување на техничките пречки во интеграцијата на системот е-влада и ЕНЕР. Сепак, Годишниот извештај на Министерството за информатичко општество и администрација за спроведување на процесот на проценка на влијанието на регулативата – ПВР (јануари – декември 2020 година) бележи намалување на квалитетот на процесот на ПВР и на консултациите со засегнатите страни во изминатите три години. Во 2020 година, од 121 предлози на закони кои подлежат на ПВР, само 63 предлози на закони или 52,06% биле доставени до Владата на Република Северна Македонија со Извештај за ПВР, што е за 24,94% помалку во однос на 2019 година и за 33,94% помалку во однос на 2018 година. И покрај обврската од член 68-а став (1) од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија, во

2020 година само 58 предлози на закони или 47,93% биле објавени на ЕНЕР, што е за 3,07% помалку во однос на 2019 година и за 38,07% помалку во однос на 2018 година.

Вклученоста на граѓанските организации и институциите е основен предуслов за успехот на иницијативата Партнерство за отворена власт (ПОВ). Граѓанското учество е клучно за отворена власт и суштински елемент на националниот циклус на креирање на акциските планови. Оттука, процесот на ПОВ и во петтиот циклус беше поддржан од Советот за ПОВ и Работната група за ПОВ кои овозможија на структуриран начин да се максимизира учеството и придонесот како на претставниците од јавниот така и на невладиниот сектор, и тоа преку воспоставената Мрежа на граѓански организации за ПОВ во која се вклучени повеќе од 70 граѓански организации. Во време на пандемијата на КОВИД-19, комуникацијата и процесот на ко-креирање се одвиваше онлајн, преку навремено информирање за сите тековни процеси, онлајн настани, повици и можности за вклучување поврзани со ПОВ во земјата преку порталот за ПОВ и Мрежата за ПОВ.

Според Извештајот за граѓанското учество, постои значителен пад од 21% во вклученоста на организациите во активности поврзани со креирањето на предлог-мерки или политики за време на пандемијата со Ковид 19 во 2020 година (55%), споредено со периодот од 2018 до 2019 година (76%). Сепак, и покрај тешките околности за време на пандемијата со Ковид-19, граѓанските организации успејаа да постигнат позитивни резултати преку нивните иницијативи и напори за застапување и дадоа придонес во релевантните процеси на креирање политики, како што се нацртот на Законот за лобирање, подготовката на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 и изборот на кандидати за Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Исто така, многу носители на јавни функции учествуваа во онлајн настаните организирани од граѓанските организации со што покажаа подготвеност за соработка кога станува збор за прашања од заеднички интерес. Граѓанските организации беа застапени со свои претставници и во телата за справување со кризата на национално и локално ниво (на предлог на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, двајца претставници на граѓански организации учествуваат во работата на Главниот штаб за управување со кризи без право на глас).

Европската Комисија во Извештајот за Северна Македонија за 2021 година констатира дека граѓанските организации продолжија да бидат активни и имаат важна улога во реформскиот процес. Сепак, Комисијата укажува дека потребни се дополнителни напори за да се обезбеди понавремен, значаен и транспарентен процес на консултација со граѓанското општество.

Воспоставувањето структурен дијалог со граѓанското општество и вклучување на граѓанскотот општество во консултациите систематски, е еден од приоритетите на Владата на Република Северна Македонија. Во Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за периодот 2020-2024 година, во делот Демократија која работи за граѓаните, Владата на Република Северна Македонија јасно ја изрази својата заложба дека ќе организира консултации со граѓанскто општество уште во раната фаза на анализата, за потребите и подготовката на политиките и законите. Владата на Република Северна Македонија ќе се обврзе и ќе гарантира повратна информација кон граѓанското општество и засегнатите страни од секој процес на консултации за политиките и законите, што значи дека на владините седници ќе се усвојуваат предлог закони кои содржат извештај со добиените мислења, предлози и

коментари од процесот на консултации со засегнатите страни, а во кој ќе бидат наведени причините поради кои дадените предлози не се прифатени.

### 2.5. Финансиска одржливост на граѓанските организации

Во трите последователни стратешки документи на полето на соработката и развојот на граѓанскиот сектор во Република Северна Македонија, доуредувањето и подобрувањето на државното финансирање на граѓанските организации е предвидено како една од приоритетните мерки. Сепак, сѐ уште отсуствува целосна реформа на системот и на процедурите, особено во насока на развивање на моделот и рамката што би биле засновани на дефинирање на јавното добро и потребите на граѓанските организации врз база на јасната визија за придонесот на граѓанските организации во општеството, односно нивниот придонес во социо-економскиот развој на државата.

Според Анализата на финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија (од 2017 година до прва половина на 2019 година) со Компаративна анализа на моделите за државно финансирање од другите земји и Предлог-модел на Фонд за институционална поддршка на граѓанските организации и ко-финансирање на ЕУ- проектите во Република Северна Македонија, што на предлог на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, Владата на Република Северна Македонија ја разгледа на седницата одржана на 24.11.2020 година, сегашниот систем на државно финансирање на граѓанските организации во Република Северна Македонија во голема мера се заснова на правна регулатива и практика што е создадена пред неколку децении, не ги одразува тековните потреби на граѓанското општество и не ги следи позитивните практики и трендови во Европската унија и во развиените земји. Ваквиот нереформиран систем на државно финансирање, меѓу другото, ги креира следниве ризици за потенцијална корупција во секторот: (а) парцијалната регулатива која го утврдува моделот на финансирање на граѓанските организации од страна на државата создава простор за злоупотреба; (б) постоење на невоедначени практики на доделување средства за граѓанските организации од страна на државните институции, со различен степен на транспарентност (пример отворени/затворени постапки); (в) практики на исплаќање на средствата од буџетот од конта различни од конто 463-трансфери до невладини организации, на пример 464, 472, 425 итн., со што се отежнува увидот и надзорот во целокупното државно финансирање на граѓанските организации; (г) систем на одлучување за доделување на средствата за граѓанските организации кој во голема мера се базира на потребите на извршната власт, а не на граѓанските организации.

За анализата на финансирањето на граѓанските организации од државни извори и одржливоста на граѓанските организации, клучно е утврдувањето на тековните потреби на граѓанските организации или состојбата со нивното финансирање, односно нивните годишни приходи и уделот на различните извори во истите. Во периодот 2017 –2018 година, уделот на државното финансирање од централниот буџет во вкупните приходи на граѓанските организации во просек изнесува 10 %, но доколку како државно финансирање се додадат и средствата доделени од страна на општините, тој удел во просек се зголемува на 15 %, односно изнесува вкупно 975 милиони денари во 2017 година, односно 1,2 милијарди денари во 2018 година.

Табела 1: Податоци за вкупното финансирање на граѓанските организации и соодносот со Буџетот на Република Северна Македонија и буџетите на граѓанските организации

| | 2017 | 2018 |
|---|---|---|
| Средства од сите општини во Република Северна Македонија | 355.930.683 | 355.533.284 |
| Средства од централен буџет | 619.440.000 | 839.953.000 |
| Вкупно доделени средства на граѓански организации | **975.370.683** | **1.195.486.284** |
| Буџет на Република Северна Македонија | 196.600.000.000 | 210.500.000.000 |
| Вкупни приходи на граѓански организации (според Централен регистар на Република Северна Македонија) | 6.983.853.748 | 7.478.844.157 |
| Учество на буџетот на граѓанските организации во БДП на Република Северна Македонија | 1,13 % | 1,13 % |
| Средства за граѓанските организации во однос на Буџетот на Република Северна Македонија | 0,32 % | 0,40 % |
| Вкупно државно финансирање во однос на вкупни приходи на граѓанските организации (според годишни сметки на Централен регистар на Република Северна Македонија) | **13,97 %** | **15,98 %** |
| Финансирање од централен буџет во однос на вкупни приходи на граѓанските организации (според годишни сметки на Централен регистар на Република Северна Македонија) | **8,87 %** | **11,23 %** |

Финансиската поддршка е поддршка од проектен вид од краткорочна природа (помалку од 12 месеци) наменета за конкретни активности на организациите. Сепак, средствата што се доделуваат според Законот за игрите на среќа и за забавните игри вклучуваат и елементи кои се типични за програмската или за институционалната поддршка. Значителен дел од средствата од буџетот се одлеваат за ваков вид поддршка, односно 54 % од сите средства доделени во 2017 или 39 % од сите средства доделени во 2018 година. Иако, во смисла на формата, таквата поддршка повеќе наликува на институционална поддршка, содржински отсуствуваат некои од клучните елементи, како што е повеќегодишното утврдување на целите и приоритетите и нивното финансирање, придонесот на таквата поддршка за развојот на организацијата итн.

Во насока на целокупна и сеопфатна реформа, како предуслов за ефикасно функционирање на институционалната поддршка и за кофинансирање на ЕУ-проектите, во Анализата се дадени следниве генерални препораки: (1) Да се зголеми уделот на државното финансирање од централниот буџет, со цел да се достигне удел од 30 % (или околу 2 милијарди денари) во вкупните приходи на граѓанските организации до 2024 година (нов тригодишен стратешки период). Како извор за тоа треба да послужи Законот за игрите на среќа и за забавните игри, секторските закони, како и идните извори за воведување нови даноци или акцизи (на пример, за одгледување канабис); (2) Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженијата на граѓани и фондациите да се трансформира во хоризонтален и задолжителен подзаконски акт (Одлука или Уредба), со доуредување на елементите кои се покажале како слабост; (3) Да се предвиди механизам со кој буџетските корисници унифицирано ќе ги планираат и извршуваат средствата предвидени за поддршка на граѓанските организации во рамките на буџетска ставка 463 и да се донесе повеќегодишна владина програма со која ќе се определат средства за постепено

зголемување на средствата за поддршка на граѓанските организации. Истовремено, јасно да се разграничи финансирањето на граѓанските организации регистрирани по Законот за здруженија и фондации и другите организациски облици.

За спроведување ефикасна институционална поддршка во Анализата се препорачува дека е потребно: (1) Постоечката програмска поддршка во рамките на Законот за игрите на среќа и за забавните игри, преку Министерството за труд и социјална политика (инвалидски организации) и Агенцијата за млади и спорт (спортски здруженија/федерации), да се трансформира во целосна институционална поддршка (отворен и јавен повик, повеќегодишно финансирање врз основа на потребите на организациите, артикулирани во стратегиски планови итн.) и да се прошири опфатот со вклучување на финансирање на организациите регистрирани според Законот за здруженија и фондации; (2) Воспоставување независен орган – Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество (Фонд), кој ќе биде задолжен за планирање и управување со средствата наменети за развој на граѓанските организации регистрирани според Законот за здруженија и фондации, пред сè преку институционална поддршка, со административна, управувачка, финансиска и програмска независност. Неопходно е Фондот да има независен одбор (со мешан состав) од претставници на институциите, граѓанските организации и експерти. Фондот треба да соработува со Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество во планирањето и дизајнирањето на институционалната поддршка и разгледувањето на извештаите за нејзиното спроведување. Фондот треба да има можност да биде вклучен во структурата за идно управување со средствата на ЕУ, со цел од истите да црпи и управува со фондови наменети за развој на граѓанското општество (на пример, Европски социјален фонд, структурни фондови), како и да има можност да му бидат доверени средства наменети за развој на граѓанското општество од страна на други актери.

За ефикасна поддршка на граѓанските организации во насока на кофинансирање на нивните ЕУ-проекти, во Анализата се препорачува: (1) со Одлука на Владата на Република Северна Македонија, на сите органи на државната управа/буџетски корисници да им се наложи во своите програми и повици за поддршка на проектите на граѓанските организации да ја вметнат можноста средствата да се користат за кофинансирање на ЕУ-проекти; (2) Неопходно е Фондот во сопствениот буџет да има посебна програма за кофинансирање на проектите на граѓанските организации финансирани од ЕУ. Граѓанските организации треба да имаат можност во секое време да се обратат до Фондот за користење на средства за кофинансирање. Можно е кофинансирањето да биде во целосен износ баран од донаторот или пак да станува збор за делумен износ.

Европската Комисија во Извештајот за Северна Македонија за 2021 година нотира дека „пандемијата со Ковид-19 имаше економско влијание врз граѓанските организации. Започнатата реформа на државното финансирање за граѓанските организации се очекува дополнително да ја регулира постојната правна рамка и да обезбеди да се ставаат на располагање доволно средства за овој сектор. Процесот треба да се спроведе на транспарентен и инклузивен начин“.

Потребата од сеопфатна реформа на сегашниот систем на државно финансирање на граѓанското општество е потврдена и во Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија во периодот 2021-2024, во делот „Демократија која работи за граѓаните“, што Владата на Република Северна Македонија се обврзува да ја спроведе со:

- Зголемување на уделот на државното финансирање од централниот буџет и од буџетите на единиците на локалната самоуправа, со цел да се достигне удел од 30% (околу 2 милијарди денари) во вкупните приходи на граѓанските организации до 2024 година.
- Реформирање на процедурата на планирањето на средствата (задолжителни консултации за приоритетите); одлучувањето (независни комисии, регулирање на конфликтот на интереси, вклучување експерти и претставници на граѓанските организации); доделувањето и известувањето за државното финансирање кон граѓанските организации; мониторингот од постигнатото и евалуација итн.
- Воведување механизми за унифицирано планирање, односно обезбедување повеќегодишно планирање на средствата за граѓанските организации.
- Подобрување на програмската поддршка на граѓанските организации преку независен Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество, кој ќе биде задолжен за планирање и управување со средствата наменети за развој на граѓанските организации, преку институционална поддршка, со административна, управувачка, финансиска и програмска независност.
- Преку Фондот за поддршка и развој на граѓанското општество ќе се овозможи ко-финансирање на европските проекти на граѓанските организации кои се во согласност со стратешките приоритети на земјата, програмските цели на претпристапната помош и со структурните фондови на Европската унија.

## 2.6. Граѓанските организации како чинител во социјално-економскиот развој

Социјалното претприемништво и социјалните претпријатија се нова појава во македонскиот социјален и економски живот. Сегашното законодавство во Република Северна Македонија не ги препознава и регулира социјалните претпријатија, но значаен чекор е увојувањето на Националната Стратегија за развој на социјални претпријатија, со која се дефинираат основните цели и клучните активности за периодот 2021-2027 година, со чие спроведување ќе се создаде соодветна правна, финансиска и институционална рамка за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија. Граѓанските организации први започнаа со развој на социјални претпријатија и поради тоа повеќето социјални претпријатија се регистрирани како здруженија, по што следат правни форми како што се друштва со ограничена одговорност или занаетчии. Најчести се социјалните претпријатија за работна интеграција кои претставуваат независни економски субјекти, чија главна цел е професионална интеграција на лица кои се соочуваат со тешкотии за вклучување на пазарот на трудот. Граѓанските организации се активни и за подигнување на свеста за социјалното претприемништво и спроведоа бројни програми за неформално образование на оваа тема. Ваквите иницијативи беа поддржани од Министерството за економија во рамките на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво и Агенцијата за поддршка на претприемништвото. Во мај 2019 година основана е Мрежата на социјални претпријатија од Северна Македонија, која поттикнува размена на добри практики и меѓусекторско вмрежување, што на долг рок ќе стимулира јавен интерес во секторот. Во јануари 2020 година Мрежата брои 44 членови, од кои 24 се социјални претпријатија и 20 се членови за поддршка. Развојот на социјалните претпријатија ја наметнува потребата за нови, специфични вештини за

претприемништво кои промовираат вредности, наместо зголемување на профитот, а граѓанските организации имаат потреба за диверзификација и прилагодување за да одговорат на новите предизвици и да обезбедат финансиска одржливост.

Според податоците од Централниот регистар на Република Северна Македонија, вкупниот број на вработени во граѓанските организациите во 2020 година изнесува 2.391, но согласно Анализата на јавните политики за средина за вработување во граѓанските организации колективните договори се однесуваат на приватниот сектор од стопанството и на јавниот сектор и не го препознаваат граѓанскиот сектор како работодавач. Дополнително, граѓанскиот сектор не е активен во застапување во овој домен и не е препознаен како релевантен актер. Од тие причини, потребна е поддршка на граѓанскиот сектор во развивање на неговиот потенцијал како работодавач и креирање на одржлива работна сила преку конкретни мерки.

Поттикнувањето на волонтирањето кај младите е особено важно за негувањето на културата на волонтирање и создавањето на идни генерации на активни граѓани со вештини и знаење да се вклучуваат во решавањето на проблемите во заедницата. Истражувањето реализирано во рамки на „Индексот за младински развој во Македонија, извештај за 2018 година" покажува дека само 26,5% од анкетираните млади имаат волонтирано. Дополнително, извештајот од истражувањето „Младинските трендови во Република Македонија" укажува дека младите почесто се вклучуваат во директна помош на своите врсници или на други лица, додека помалку (само 24%) волонтираат преку граѓански организации. Според Стратегијата за промовирање и развој на волонтерството (2021-2025) помалото вклучување на граѓаните преку граѓанските организации во голем дел се должи на недостигот на ресурси кај граѓанските организации да вклучат и мобилизираат поголем број на волонтери. Поради тоа, неопходно е да се обезбеди поддршка за граѓанските организации да вклучуваат повеќе волонтери, како и дополнително да се инвестира во инфраструктурата која што граѓанските организации ќе ги поврзе со граѓаните заинтересирани да волонтираат и ќе го олесни вклучувањето и работењето со волонтерите.

## 3. ЗАБЕЛЕШКИ И ПРЕПОРАКИ ОД РЕВИЗИЈАТА НА СТРАТЕГИЈАТА НА ВЛАДАТА ЗА СОРАБОТКА СО И РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР 2018 – 2020

Според Прегледот на имплементацијата на Акцискиот план на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2018 - 2020 година, во текот на последните 15 години Република Северна Македонија спроведе три циклуси на стратешко планирање за поддршка и соработка со граѓанското општество и разви солидна институционална рамка, системи и постапки за консултации со граѓанското општество. Стратегијата и Акцискиот план за периодот 2018-2020 година се јасни и конзистентни и обезбедија континуитет со претходните два циклуса. Во спроведувањето на третиот стратешки циклус, скратувањето од периодот од 5 на 3 години произведе позитивен поттик за имплементација.

Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија е клучен двигател на соработката со граѓанското општество и витален олеснувач за учеството на владините институции во Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество. Ова е

комплексна и тешка задача. Одделението има добри ресурси, но е релативно мало во рамките на владината мрежа на институции и треба да ја зајакне својата улога и видливост во спроведувањето на Стратегијата и Акцискиот план.

Целите, мерките и активностите на Акцискиот план 2018-2020 се солидно развиени, усогласени и имаат логичен редослед. Сепак, индикаторите и финансиските алокации се недоволно развиени или нејасни, што го отежнува следењето на резултатите само врз основа на квантифицирани податоци за реализирани активности.

Извештаите за за спроведените мерки и активности од Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2018-2020) синтетизираат и квантифицираат активности. Извештајот дава солидна основа за следење на напредокот на активноста, но нема коментари за податоците и опис на напредокот. Евалуацијата на резултатите се спроведува врз основа на спроведувањето на активностите и содржи солидни извори на верификација. Сепак, системот нема јасни критериуми и процес на проценка. Во следниот циклус на планирање, потребно е да се усвои напреден систем за планирање, мониторинг и евалуација (PME) или мониторинг, евалуација, отчетност и учење (МЕАЛ) и процес за дефинирање и известување за успехот и достигнувањето, вклучувајќи подобрени дефиниции за мерење на успех и проценка на постигнувањето на ниво на резултати.

## 4. ВРЕДНОСТИ И ПРИНЦИПИ ВРЗ КОИ СЕ ТЕМЕЛИ СОРАБОТКАТА

Стратегијата ќе продолжи да ги негува, афирмира и промовира вредностите и принципите кои беа основа на досегашната соработка и истите содржински ќе ги надгради со цел да ја продлабочи соработката.

***Заемна доверба*** - Во развојот и спроведувањето на политиките и активностите, улогите на Владата на Република Северна Македонија и граѓанското општество се комплементарни. Нивните заеднички цели ќе бидат најефикасно остварени доколку се утврдени и спроведени врз основа на заемна доверба за целта што треба да се постигне и начинот како да се направи тоа. Владата на Република Северна Македонија се залага таа и граѓанското општество да влегуваат во заеднички односи без предрасуди и со целосно разбирање за позитивната улога што ја има секоја страна во постигнувањето на заедничките цели. Содржината на ова начело ја определуваат две компоненти: совесност и јавен интерес.

***Партнерство*** - Успешна соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и граѓанското општество претпоставува партнерски однос и поделба на задачите со цел поефикасно остварување на интересите на граѓаните. Принципот на партнерство подразбира соработка на рамноправни основи помеѓу сите субјекти со цел да се воспостави дијалог и почитување на различни мислења при дефинирање и спроведување на заедничките цели. Владата на Република Северна Македонија и граѓанското општество ќе се надополнуваат во рамките на соодветни области, а граѓанскиот сектор може да излезе во пресрет со сопствениот капацитет и знаење.

***Независност*** - Граѓанското општество е слободно и независно во поставувањето на своите цели, донесувањето на одлуките и планирањето на своите активности. Владата на Република Северна Македонија ги почитува специфичностите

што го карактеризираат секторот, особено важноста на неговата независност во претставувањето на интересите на граѓаните, спроведувањето на активностите за кои е добиена финансиска поддршка од Владата на Република Северна Македонија и учеството во креирање на политиките.

***Плурализам*** - Зацврстувањето на демократското општество зависи од почитување на начелото на плурализам, можноста за изразување на различни мислења и ставови и земање предвид на истите во развојот на планови и политики. Владата на Република Северна Македонија го препознава и почитува постоењето на различни цели, вредности и интереси (афинитети) на граѓаните што се изразени преку разни видови активности и заложби на граѓанските организации. Владата на Република Северна Македонија овозможува вклучување и соработка со сите организации, без дискриминација и со посебен фокус на препознавање на интересите на маргинализираните групи.

***Учество*** - Владата на Република Северна Македонија овозможува вклученост на граѓанското општество во креирање на политиките со цел да бидат интегрирани интересите и предлозите на граѓаните во процесите на одлучување и спроведување. Граѓанското општество со своите капацитети и ресурси придонесува кон донесување поквалитетни решенија за доброто на заедницата. Тој ги претставува различните вредности и интереси на граѓаните, преку него граѓаните добиваат информации и го изразуваат своето мислење за предложените мерки на Владата. Владата на Република Северна Македонија е отворена за дијалог со јавноста со цел да се подобри квалитетот на предложените политики и да се зајакне легитимноста на владината политика. Исто така, Владата на Република Северна Македонија ќе овозможи активно вклучување на граѓанските организации со еднаква одговорност и право на одлучување во тела кои креираат политики за спроведување на соработката и развивање на граѓанското општество и други тела кои ќе ја дефинираат агендата за развој на општеството и европските интеграции.

***Транспарентност (Јавност)*** - Активностите кои се преземаат од страна на Владата на Република Северна Македонија и граѓанското општество, во однос на програмите и плановите кои се неопходни за развој на заедничките цели, ќе бидат отворени и споделувани меѓу двете страни и кон јавноста. Владата на Република Северна Македонија ќе стави посебен акцент на овој принцип во однос на пристапот до информации, учеството во креирањето на јавните политики и законите и распределбата на средства.

***Одговорност*** - Владата на Република Северна Македонија и граѓанското општество се заемно одговорни пред јавноста и граѓаните во спроведувањето на заедничките активности. Овој принцип, пред сѐ, се изразува низ залагањето на Владата на Република Северна Македонија и граѓанското општество да ги земаат предвид изразените мислења на граѓаните при одредување на приоритетите и подготвување и спроведување на политиките. Владата на Република Северна Македонија и граѓанското општество се обврзуваат да се водат од принципот на заемна одговорност и при распределбата и користењето на средствата од владини извори.

***Еднакви можности и недискриминација*** - Владата на Република Северна Македонија се залага за почитувањето на еднаквите можности и недискриминацијата на сите луѓе во остварувањето на нивните основни права и слободи и на придобивките од политичките, економските и социјалните процеси и механизми. Граѓанското општество според својата природа на делување ги артикулира потребите и интересите на различни целни групи, вклучително и маргинализираните групи. Социјалната

кохезија како приоритетна област и стратегиска цел на оваа Стратегија единствено може да биде достигната ако се почитуваат принципите на еднаквост, еднакви можности и недискриминација.

## 5. ВИЗИЈА, ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ

Граѓанското општество е клучна компонента на секој демократски систем и продолжува да биде препознаено како такво од државните институции. Владата на Република Северна Македонија смета дека граѓанското општество е рамноправен партнер и коректор на нејзините одлуки, со целосно право да партиципира во градењето на политиките, да сугерира и критикува. Владата на Република Северна Македонија активно презема мерки за градење на континуиран, транспарентен и целосно инклузивен дијалог со граѓанското општество.

Визија на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество е унапредување на околината во која функционира и се развива граѓанското општество кое придонесува во зајакнување на демократското управување и воспоставување на структурен дијалог со граѓанското општество.

Главна цел на Стратегијата е обезбедување на поттикнувачка и одржлива околина во која функционира и се развива граѓанското општество што овозможува динамични, независни, активни и одржливи граѓански организации коишто придонесуваат во зајакнување на демократското управување, ги рефлектираат интересите и потребите на граѓаните и се вклучуваат во структурен дијалог за унапредување на општеството.

Со Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество, преку меѓусебно поврзани стратешки цели кои ја поддржуваат соработката и развојот на граѓанското општество, се дефинираат насоките за три приоритетни области:

- Нормативна, институционална и финансиска рамка за развој на граѓанското општество
- Демократизација, активно учество на граѓанското општество во општествените процеси, во креирањето и следењето на политиките, со посебен фокус на процесот на интеграција во Европската Унија
- Граѓанското општество како чинител во социјално-економскиот развој

### *1. Нормативна, институционална и финансиска рамка за развој на граѓанското општество*

Со донесувањето на Законот за здруженија и фондации во 2010 година правната рамка се хармонизираше со европските стандарди и беа поставени основите за развој на мерки кои ќе ја помогнат одржливоста на граѓанското општество. Законот предвидува можност организациите да вршат дејности со кои може да стекнат добивка и да се здобијат со статус на организација од јавен интерес. Функционирањето на граѓанските организации е условено и од други закони. Ќе се пристапи кон

унапредување на правната рамка за здруженија и фондации која обезбедува гаранции за остварување на правото на слобода на здружување во согласност со меѓународните стандарди.

Унапредувањето на околината во која работи и се развива граѓанското општество ќе се постигне со сеопфатно реформирање на сегашниот систем на државно финансирање на граѓанските организации, кој во голема мера се заснова на правна регулатива и практика што е создадена пред неколку децении и не ги отсликува тековните потреби на граѓанското општество и не ги следи позитивните практики и трендови во Европската унија и во развиените земји. Унапредувањето на моделот на државното финансирање на граѓанските организации ќе се постигне преку зголемување на уделот на државното финансирање од централниот буџет и од буџетите на единиците на локалната самоуправа, со цел да се достигне удел од 30% (околу 2 милијарди денари) во вкупните приходи на граѓанските организации до 2024 година; реформирање на процедурата на планирањето на средствата, одлучувањето, доделувањето и известувањето за државното финансирање кон граѓанските организации, мониторингот од постигнатото и евалуација итн.; воведување механизми за унифицирано планирање, односно обезбедување повеќегодишно планирање на средствата за граѓанските организации; подобрување на програмската поддршка на граѓанските организации преку независен Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество, кој ќе биде задолжен за планирање и управување со средствата наменети за развој на граѓанските организации, преку институционална поддршка, со административна, управувачка, финансиска и програмска независност. Преку Фондот ќе се овозможи ко-финансирање на европските проекти на граѓанските организации кои се во согласност со стратешките приоритети на земјата, програмските цели на претпристапната помош и со структурните фондови на Европската унија.

Владата на Република Северна Македонија ја препознава потребата од унапредување на механизмите за соработка со граѓанското општество. Мерките што се преземаат со оваа стратегија на институционално ниво се насочени кон континуитет во работата на независен, репрезентативен, оперативен и ефективен Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество и подобрување на практиките за комуникација и соработка со граѓанските организации. Со цел унапредување на околината во која работи и се развива граѓанското општество, Советот ќе продолжи да биде двигалет на реформата на системот на државно финансирање на граѓанските организации, воспоставувањето структурен дијалог со граѓанското општество и креирањето модел за учество на граѓанските организации во идната преговарачка ЕУ структура на земјата.

***Стратешки цели:***

1. Унапредување на правната рамка за граѓанските организации;
2. Зајакнување на институционалната рамка и практиките на соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и граѓанските организации.
3. Воспоставување даночна рамка којашто одговара на спецификите на работењето на граѓанските организации и го овозможува нивниот развој;
4. Унапредување на системот на државно финансирање на граѓанските организации.

***Оперативни цели:***

1. Унапредување на правната рамка за здруженија и фондации која обезбедува гаранции за остварување на правото на слобода на здружување во согласност со меѓународните стандарди;
2. Овозможување бесплатен пристап до податоци за граѓански организации од Регистарот на регистрираните организации согласно Закон за зруженија и фондации во Централниот регистар на Република Северна Македонија;
3. Континурано работење на независен, репрезентативен, оперативен и ефективен Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество;
4. Унапредување на знаењата и капацитетите на Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанското општество;
5. Унапредување на даночната рамка од аспект на данокот на додадена вредност согласно идентификуваните развојни потреби на граѓанските организации;
6. Унапредување на транспарентноста на финансиските активности на граѓанските организации;
7. Подготовка на подобрена законска и подзаконска рамка за сметководството на непрофитните организации;
8. Унапредување на моделот за финансирање на граѓанските организации од буџетот на државата.

*Надлежни институции:* Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, Генерален секретаријат-организациона единица за соработка со невладини организации, Министерство за правда, Министерството за финансии, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за информатичко општество и администрација, други ресорни министерства и Централен регистар на Република Северна Македонија.

*2. Демократизација, активно учество на граѓанскиот сектор во општествените процеси, во креирањето и следењето на политиките, со посебен фокус на процесот на интеграција во Европската Унија*

Владата на Република Северна Македонија ја препознава значајната улога на граѓанските организации како партнери во дефинирањето на политиките поврзани со европската интеграција. Ќе се обезбеди редовно консултирање и вклучување на граѓанските организации во сите фази на креирањето, спроведувањето, следењето и оценувањето на политиките, вклучително и како членови на работни групи. Со спроведување на мерките од оваа стратегија, дефинираните политики и закони ќе одговараат на потребите на заедницата и заложбите за интеграција во Европската Унија. Граѓанските организации ќе бидат активно вклучени во процесот на пристапните преговори со Европската Унија и во процесите на планирање, програмирање и следење на искористеноста на фондовите за претпристапна помош на Европската Унија. Ќе се пристапи кон унапредување на правната рамка за правото на мирно собирање во согласност со Насоките на ОБСЕ/ОДИХР за слободата на мирно собирање и другите меѓународни стандарди, ќе се олесни пристапот до механизмите за

непосредно учество на граѓаните во одлучувањето и ќе се воспостави сеопфатен едукативен превентивен механизам против говор на омраза, со што ќе се унапреди довербата на граѓаните во демократските капацитети на државата.

***Стратешки цели:***

5. Зголемување на вклученоста на граѓанските организации во процесот на креирање, спроведување, следење и оценување на политиките;
6. Зајакнување на партнерството во процесите поврзани со европската интеграција;
7. Унапредување на правната рамка за правото на мирно собирање и непосредно учество на граѓаните во одлучувањето.

***Оперативни цели:***

9. Унапредување на процесот на консултации и учество на граѓанските организации во креирањето јавни политики;
10. Ефективни консултации со засегнатите страни во процесот на проценка на влијанието на регулативата;
11. Вклучување на граѓанските организации во процесот на преговори со Европската унија;
12. Унапредување на моделот за избор на претставници од граѓанското општество во секторските работни групи;
13. Поддршка за зголемување на опфатот на дигиталната трансформација на граѓанските организации;
14. Развој на систем за следење на околината во која се развива граѓанското општество;
15. Воспоставување превентивен механизам против говор на омраза;
16. Обезбедување правна рамка за правото на мирно собирање во согласност со меѓународните стандарди и нејзина ефективна имплементација;
17. Унапредување на законската рамка која се однесува на непосредно учество на граѓаните во одлучувањето.

*Надлежни институции:* Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, Генерален секретаријат-организациона единица за соработка со невладини организации, Секретаријат за европски прашања, Министерство за информатичко општество и администрација, Министерство за правда, Министерство за внатрешни работи, Министерство за локална самоуправа и други ресорни министерства.

## *3. Граѓанскиот сектор како чинител во социјално-економскиот развој*

Владата на Република Северна Македонија презема мерки за развој на социјалното претприемништво за подобрување на економско-социјалната состојба на граѓаните, зајакнување на социјалната кохезија и солидарноста. Мерките од оваа стратегија се насочени кон создавање поттикнувачко правно окружување за социјално

претприемништво, активно вклучување на граѓанските организации во давањето услуги во социјалната сфера и други дејности од јавен интерес, промовирање и развој на волонтерството, како и кон подобрување на правната рамка и поттикнување на филантропски донации кон граѓанските организации.

***Стратешки цели:***

8. Развој на социјално претприемништво;
9. Препознавање на спецификите на граѓанските организации како работодавач;
10. Промовирање и развој на волонтерството;
11. Поттикнување на граѓаните и деловниот сектор за поддршка и придонес за развој на граѓанското општество;
12. Зголемено учество на граѓанските организации во давање услуги за потребите на заедницата.

***Оперативни цели:***

18. Создавање на поттикнувачко правно окружување за социјално претприемништво;
19. Промоција, градење на капацитетите и обезбедување финансиска помош за граѓанските организации за развој на социјално претприемништво;
20. Препознавање на спецификите на граѓанските организации како работодавач во правната регулатива, оперативните програми и социјалниот дијалог;
21. Подобрување на правната рамка за промовирање и развој на волонтерството;
22. Поттикнување на волонтерски активности и финансиска поддршка на граѓанските организации кои го промовираат волонтерството;
23. Унапредување на правната рамка за донации и спонзорства во јавните дејности за олеснување на донирањето кон граѓанските организации;
24. Поттикнување на соработката на граѓанските организации со бизнис секторот и промовирање на филантропијата;
25. Развој на граѓанското општество на локално ниво и јакнење на соработката со граѓанските организации на локално ниво;
26. Подобрување на условите, вклучително и капацитетите на граѓанските организации за обезбедување услуги на национално и локално ниво, со еквивалентен квалитет како и останатите даватели на услуги.

*Надлежни институции:* Министерство за труд и социјална политика, Министерство за правда, Министерство за образование и наука, Министерство за здравство, Министерство за локална самоуправа, други ресорни министерства, Агеција за вработување на Република Северна Македонија и Агенција за млади и спорт.

## 6. СПРОВЕДУВАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ

Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија – организациона единица за соработка со невладини организации и Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанското општество ја имаат примарната улога во координирањето на спроведувањето на Стратегијата и во подготовка на извештаи до Владата на Република Северна Македонија за преземените активности и постигнатите цели во спроведувањето на Стратегијата.

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, како советодавно тело на Владата на Република Северна Македонија за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанското општество во Република Северна Македонија, го следи спроведувањето на Стратегијата и Акцискиот план, дава мислење на годишно ниво за реализација на Стратегијата и го поттикнува унапредувањето на соработката и градењето на партнерски односи на Владата на Република Северна Македонија и органите на државната управа со граѓанското општество.

Министерствата и другите органи на државната управа активностите предвидени во Акцискиот план на оваа Стратегија ги планираат во нивните стратешки планови и годишниот план за работа и се грижат за обезбедување на финансиски средства потребни за нивно спроведување.

Граѓанските организации ќе бидат вклучени како партнери на Владата на Република Северна Македонија и органите на државната управа во спроведувањето на конкретни мерки/активности од Акцискиот план на Стратегијата, како и во континуираното следење на спроведувањето на Стратегијата.

Мерките од оваа стратегија имаат за цел и да ги поттикнат единиците на локалната самоуправа да ја продолжат добрата практика на соработка и развој на локалните граѓански организации и да усвојат слични механизми за соработка, поддршка и вклучување на граѓанските организации во спроведување на активностите.

Со цел да се обезбедат навремени информации во врска со спроведувањето на Стратегијата за заинтересираната јавност, ќе се унапреди системот на следење и известување за степенот на реализација на мерките, со користење нови технологии на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk, во насока на зголемување на транспарентноста на процесот на имплементација и дополнителна можност за вклучување на граѓанското општество.

## 7. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ

Конкретните мерки за спроведување на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество се вградени во Акцискиот план 2022-2024. Акцискиот план ги дефинира:

- оперативните цели и активностите кои ќе придонесат кон постигнување на соодветната стратешка цел;
- водечките институции надлежни за спроведување на активностите и другите институции кои ќе бидат вклучени во спроведувањето;
- кварталот во соодветната година што претставува временска рамка за спроведување на активностите;
- проценка за потребните средства и изворот на финансирање; и
- показателите за мерење на успешноста кои се дефинирани на ниво на стратешки цели, оперативни цели и активности.

ПРИЛОГ:

- Акциски план за спроведување на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество (2022-2024)

**Користена литература:**


- Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија во периодот 2020-2024 https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/programa-na-vlada-agenda2024-finalno_programa_1.pdf
- Стратегија за транспарентност на Владата на Република Северна Македонија 2019-2021 https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/strategii/strategija_za_transparentnost_mk.pdf
- Национална стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот 2020-2022 https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/strategii/strategija_ednoopshtestvo_29.10.2019.pdf
- Стратегија за реформа на јавната администрација 2018-2022 https://mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/strategies/srja_2018-2022_20022018_mk.pdf
- Национален акциски план за Партнерство за отворена власт 2021-2023 https://ovp.gov.mk/wp-content/uploads/2021/07/NAP5-PARTNERSTVO-ZA-OTVORENA-VLAST-2021-2023-_-potvrden-od-Vlada-26.10.2021.pdf
- Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија 2021-2027 https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2021/trud/Strategija_socijalni_pretprijatija_2021_2027.pdf
- Стратегијата за промовирање и развој на волонтерството 2021-2025 https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2021/trud/Volonterstvo_2021_2025.pdf
- Извештај на Европската Комисија за Северна Македонија за 2021 година https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/north-macedonia-report-2021_en
- Нацрт-Насоки за поддршката на Европската Унија на граѓанското општество во регионот на проширување 2021-2027
- Кодекс на добри практики за граѓанско учество во процесот на донесување одлуки https://rm.coe.int/code-of-good-practice-civil-participation-revised-301019-en/168098b0e2
- Кодекс на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики („Службен весник на РМ“ бр.99/11) https://www.nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/dokumenti/kodeks_na_dobri_praktiki.pdf
- Извештаи за спроведените мерки и активности од Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2018-2020) во 2020 година, во 2019 година и во 2018 година https://nvosorabotka.gov.mk/?q=mk/node/281
- Анализа на финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија (од 2017 година до прва половина на 2019 година) со Компаративна анализа на моделите за државно финансирање од другите земји и Предлог-модел на Фонд за институционална поддршка на граѓанските организации и ко-финансирање на ЕУ- проектите во Република Северна Македонија, 2020, https://nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/ANALIZA%2009.12.2020.pdf
- Индекс на одржливост на граѓанското општество за Северна Македонија во 2020 година, https://www.balkancsd.net/2020-csosi-report-for-north-macedonia-slight-improvement-in-the-overall-civil-society-sustainability/
- Извештај за оцена на правната рамка што ги засега граѓанските организации во Република Северна Македонија - Преглед на клучните измени во законодавството од суштинско значење за подобрување на поволната средина за граѓанското општество, февруари 2021, проект финансиран од Европската Унија „Техничка поддршка за подобрување на овозможувачката околина за граѓанските организации во Република Северна Македонија (договор бр.IPA/2019/413-168)

- Преглед на имплементација на Акциониот план на Стратегијата на Владата за соработка со граѓанскиот сектор 2018 – 2020, февруари 2021, проект финансиран од Европската Унија „Техничка поддршка за подобрување на овозможувачката околина за граѓанските организации во Република Северна Македонија (договор бр.IPA/2019/413-168)
- Извештај од истражувањето на јавното мислење со граѓани и граѓанки и со граѓански организации-Граѓанското учество во Република Северна Македонија со дополнителен осврт на пандемијата со Ковид-19, 2021 https://dijalogkoneu.mk/civicengagement?civic_category=reports
- Извештајот во сенка од следење на работата и ефектите од секторските работни групи за периодот јануари 2019-февруари 2020 https://dijalogkoneu.mk/wp-content/uploads/2020/12/FOOM-Izvestaj-vo-senka-CELOSEN.-SITE-SRG.pdf
- Предлог на граѓански организации за итни демократски реформи (2017) https://epi.org.mk/docs/Predlog_IDR_2017.pdf
- Нацрт-патоказ за развој на граѓанското општество во Македонија 2018-2020
- Анализата на јавните политики за средина за вработување во граѓанските организации http://konekt.org.mk/blog/wp-content/uploads/2016/01/Analiza-na-javnite-politiki-za-sredina-za-vrabotuvanje-vo-GO.pdf
- Извештај за Индексот за младински развој во Македонија за 2018 година, Коалиција на младински организации СЕГА, Прилеп, 2018 http://www.sega.org.mk/images/pdf/INDEX_MK.pdf